# З А П И С Н И К

## од спроведениот Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија

Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија, согласно Законот за младинско учество и младински политики, распиша два Јавни повика за членство во Локалното собрание на млади, кои беа објавени на веб-страната на Општина Гевгелија. Првиот јавен повик беше објавен на 24 јуни и траеше до 8 јули 2022 година. Во утврдениот рок пристигна само една апликација од Здружението на пчелари „Апитоксин“ со номинација на Кристијан Алчинов за член во Локален младински совет.

Поради недоволниот број апликации, Локалното собрание на млади го повтори Јавниот повик, со продолжување на важноста за 10 дена, односно од 8 јули до 18 јули, 2022 година. Во наведениот рок пристигнаа уште 5 апликации со номинација на претставници.

Од страна на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на општина Гевгелија за членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија номинирани се:

- Кристијан Алчинов од Здружението на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Атанас Епов од Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија;
- Памела Петровска од Црвен крст на РСМ Општинска организација Гевгелија;
- Георги Петков од УМС на ОК ВМРО-ДМНЕ Гевгелија;
- Благој Панов од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија;
- Тијана Ристовска од Центар за култура, едукација и активизам „МУЛТУС“- Гевгелија.

Од страна на Општина Гевгелија апликациите со потребната документација ќе им бидат дадени на разгледување на членовите на Локално младинско собрание на Општина Гевгелија со цел на наредната седница доколку номинираните членови ги исполнуваат критериумите за членство во ЛМС на ОГ да подготват предлог-одлука, а по нејзиното усвојување истата да ја проследат до Советот на Општина Гевгелија за верификација на нивните мандати.

бр. 08-1530/9
19.07.2022 год.
Гевгелија

Верификациона комисија
на Локалното собрание на млади во
Општина Гевгелија:

1. Кристијан Алчинов с.р.
2. Андон Ангов с.р.
3. Марија Јовановска с.р.